**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-350
23.06. **2016 година**
**Скопје**

Врз основа на член 20 став 1 алинеји 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), а во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3199/1 од 15.06.2016 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно член 14 од Законот за медиуми од страна на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 14 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), а казнива по член 30 став 1 точка 3 и став 2 од истиот Закон, на начин што телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3199/1 од 15.06.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по решението.

4. Ова Решение е конечно.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 година) и член 29 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14), надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од Законот за медиуми.

Во согласност со член 29 став 2 од Законот за медиуми, мерките кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од Законот за медиуми.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерки против издавач на медиуми согласно со овој Закон.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за програмски работи - Одделение за програмски и административен надзор, на 15 јуни 2016 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмскиот сервис на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, при што констатираше прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Имено, во програмите емитувани на 1 јуни 2016 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат: авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, носителот на авторските права, одговорниот уредник/уредниците на програмите, потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелни делата, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Овие податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Повредата од точка 1 од ова решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3199/1 од 15.06.2016 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 14 и член 29 од Законот за медиуми, точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3199/1 од 15.06.2016 година, поради неисполнување на обврската за објавување на податоци согласно член 14 од Законот за медиуми, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и му се наложи, во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение издавачот на медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**
-Писмен извештај за извршен административен надзор бр.10-3199/1 од 15.06.2016 година.

**Доставено до:**
- Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското друштво за радио – дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 15.06.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3199 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 јуни 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јуни 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

    - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум)
    - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците)
    - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, на регионално ниво (Д1-Скопје), <u>е констатирано прекршување на член 14 од Законот за медиуми.</u>

Во програмите емитувани на 1 јуни 2016 година, не се објавени податоците со кои се идентификуваат: авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, носителот на авторските права, одговорниот уредник/уредниците на програмите, потеклото и датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината. Овие податоци радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 14 од Законот за медиуми,** телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и согласно точка 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***